РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр.04-5373/11
22.10.2018 год.
Скопје

Врс основа на член 52 став 1 од Закон за административни службеници ( Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), Правилникот за систематизација на работни места во Министерство за животна средина и просторно планирање, Државниот секретар на Министерство за животна средина и просторно планирање, донесе:

# ОДЛУКА

## За избор на кандидат по Интерен оглас број 5/2018 за унапредување на административен службеник во Министерство за животна средина и просторно планирање

1. Кандидатот **Ислам Халити**, по пат на интерен оглас број 5/2018 објавен на 09.10.2018 година се избира на работното место **УПР 01 01 В01 000, Советник за увоз, извоз и транзит на отпад и изработка на мислења и регистрација на правни лица кои поседуваат дозволи за собирање и транспорт на отпад како и за дозволи за третман/преработка и складирање на отпад, Одделение за управување, увоз, извоз и транзит на отпад и за регистрација и евиденција на управувачите и постапувачите со отпад и за управување со посебни текови на отпад, Сектор отпад** – 1 (еден) извршител.

2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас 5/2018 со архивски број 04-5373/10 од 19.10.2018 година.

3. Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од став 1 по конечноста на оваа одлука.

4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на добиено известување за обезбедени финансиски средства од Министерство за финансии со архивски број 12-1369/11 од 22.06.2018 година, Министерот на Министерство за животна средина и просторно планирање упати барање со архивски број 04-5373/1 од 04.10.2018 година за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници во Министерство за животна средина и просторно планирање . Одделението за управување со човечки ресурси, објави интерен оглас број 5/2018 за унапредување на 1 (еден) административен службеник во Министерство за животна средина и просторно планирање, објавен на ден 09.10.2018 година на веб страната на Министерство за животна средина и просторно планирање и на веб страната на Агенција за администрација. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници, комисиите за унапредување на административни службеници, формирани од страна на Државниот секретар со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување на административни службеници со архивски број 04-5373/7 од 16.10.2018 година, направија административна селекција и одржаа интервју со уредните кандидати кои што ги исполнуваат условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во Министерство за животна средина и просторно планирање. Врз основа на освоените бодови од административната селекција и освоените бодови од интервјуто, комисиите составија Записник од административната селекција за интерен оглас за број 5/2018 за унапредување на административни службеници со архивски број 04-5373/8 од 19.10.2018 година. Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник при спроведување на интервју со архивски број 04-5373/9 од 19.10.2018 година, изготвија Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас 5/2018 со архивски број 04-5373/10 од 19.10.2018 година. Врз основа на ранг листа Државниот секретар во Министерство за животна средина и просторно планирање донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување за именуваниот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата.

Државен секретар
Ана Петровска